Врз основа на членот 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25,127/25 и 134/26), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.10. 2026 година, донесе

ПРОГРАМА
за изменување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти на подрачјето на Општина Кочани за 2026 година

Член 1

Во Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти на подрачјето на Општина Кочани за 2026 година, („Службен гласник на Општина Кочани“ бр. 18/2025 г.), се врши следната измена:

- Во поглавјето IV. Детален урбанистички план, во табелата со Детални урбанистички планови, во ред 9. „Детален урбанистички план за ГЧ 15“, зборовите „Буџет на Општина“ се заменуваат со зборовите „самофинансирање од заинтересирани лица“.

Член 2

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-1809/1
30.10.2026 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Александар Андов

